**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-423/5**

**Скопје, 24.07.2007 година**

**ЈНУ ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД - ОХРИД**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Хидробиолошки завод од Охрид - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2006 година, (во понатамошниот текст: Заводот) кои се прикажани на страните 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Заводот - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Д-р Гоце Костоски, директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 21.05.2007 до 29.06.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 16.07.2007 година примени се забелешки под архивски број 1104-423/4 на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и одбиени, поради не доставени нови материјални докази и аргументи кои ќе влијаат на мислењето на ревизорот.

11. Со ревизија на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Системски слабости

11.1.1. Пресметката на плати во Заводот се врши по добиени насоки од Министерството за образование и наука со утврдено право на нето плата и со утврдена вредност на условно неквалификуван работник од 3.800 денари. Со ваквиот начин на утврдување на платите кој потекнува од 1994 година кога е донесена Одлука за висината на платите и надоместоците на вработените во научните установи, се остварува просечна нето плата по вработен во Заводот од 13.550 денари што е за 3,7% пониска од републичкиот просек во РМ, кој за месец март 2007 година изнесува 14.067 денари. Имајќи го предвид фактот дека во Заводот се вработени 20 научни работници и соработници, од кои 13 се доктори на науки со нето плата од околу 17 илјади денари, ревизијата има обврска да укаже на различното вреднување на звањата во однос на утврдените нивоа во член 59 од Законот за научно истражувачка дејност, според кој научните и соработничките звања одговараат на звањата во високо образовната дејност( научен советник=редовен професор; виш научен соработник = вонреден професор; научен соработник=доцент итн). Нееднаквото вреднување на звањата во научните и образовните установи дестимулативно влијае на оваа категорија вработени во нивното залагањето и резултатите што ги остваруваат во научно истражувачката дејност.

**Препораки и мерки:**

1. Заводот и Министерството за образование и наука да превземат конкретни мерки за надминување на состојбите во делот на платите со цел да се создадат услови за реално вреднување на работните задачи на вработените во оваа установа.

### 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Во процесите на одобрување, извршување и финансирање на научно истражувачките проекти, што претставува основна дејност на Заводот, ревизијата ги констатира следните слабости:

- Заводот не подготвува предлог буџетска пресметка во тековната година за наредната година и не ја доставува до надлежното министерството на разгледување и вклучување во предлог - буџетот на министерството, ниту добива циркуларно писмо од министерството за подготвување на истата. Со ова на установата и е скратена можноста да ги презентира своите реални потреби и истите да ги реализира доколку и бидат одобрени средства. Овој начин на финансирање оневозможува носење на подолгорочна стратегија за развој, имајќи предвид дека се работи за долгорочни проекти кои треба да бидат континуирано финансирани.

  Министерството за образование и наука, како надлежно министерство, не го известува Заводот за одобрениот буџет на почетокот на годината, со што му оневозможува навремен увид во расположивите средства определени по ставки и негативно влијае на наменското и рационално користење на средствата.

  Причина за ваквата состојба е непочитување на роковите од страна на министерството, утврдени со Законот за буџетите во фазата на планирање на буџетот и известување за одобрениот буџет.

- Заводот, Договорот за реализација на годишната програма за работа и развој во 2006 година потпишан од Министерството за образование и наука, го смета за одобрување на буџетот и покрај тоа што истиот не ги содржи сите расходни ставки како што се платите, туку само расходите планирани со Годишната програма за работа и развој. Договорот за реализација на годишната програма за работа и развој не е компатибилен и не базира на предложените активности со Програмата на Заводот, туку содржи проекти кои се одобрени во минати години и сеуште не се завршени. Ваквиот начин на одобруање на средства без релно утврдени критериуми е спротивен на Законот за буџетите.

- Со Договорот за реализација на годишната програма за работа и развој на Заводот, утврдена е еднаква вредноста на одобрените проекти од 250 илјади денари за секој проект, без разлика на поединечната вредност на проектите во зависност од обемот и нивното значење.

- Научните соработници самостојно располагаат со средствата одобрени за научно истражувачки проекти, без да поднесат финансиски план со утврдени расходи, во фазата на одобрување на проектите од Советот на Заводот, што има за последица невоспоставен систем на интерни контроли во фазата на нивното извршување. Со анализа на трошоците направени при реализација на проектите, ревизијата констатира дека најголемо учество во структурата на трошоците имаат дневниците, телефонските сметки, набавени компјутери и компјутерска опрема, што за ревизијата не претставува доволен доказ дека расходите направени за оваа намена се оправдани и се во функција на научно истражувачките проекти.

- Министерството за образование и наука, како надлежно министерство, не извршило експертско оценување на резултатите од проектите врз основа на завршните извештаи на Заводот, што претставува обврска согласно Договорот за реализација на годишната програма за работа и развој и Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување на средства за поттикнување и помагање на научно истражувачката дејност. Позитивното оценување од страна на министерството, за ревизијата би значело и потврдување на оправданоста за нивното финансирање, наменски потрошени средства и можна примена во пракса. Министерството за образование и наука не ја исполнува оваа обврска и покрај тоа што секоја година издвојува значителни средства за научно истражувачки проекти кои се основна дејност на Заводот.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за образование и наука доследно да ги применува одредбите од Законот за буџетите во делот на подготовката на буџетите посебно почитувајќи ги утврдените рокови за негово донесување.
   Договорот за реализација на Годишната програма склучен помеѓу Заводот и Министерството за образование и наука да одговара на програмските активности кои се реализираат во тековната година и за кои министерството обезбедува средства, со прецизирање на прифатените проекти, нивно реално вреднување и континуирано финансирање.
   Министерството за образование да врши оценување на резултатите на проектите, обврска уредена со Договорот и Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување на средства за поттикнување и помагање на научно истражувачката дејност.

11.3. **Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

11.3.1. Во сметководствената евиденција на Заводот проценувањето на билансните позиции не е спроведено согласно сметководствените политики и начела за буџетски корисници, а во согласност со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што има за ефект не евидентирани или несоодветно евидентирани сметководствени настани во Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи и тоа:

- не се евидентирани неплатени обврски према добавувачи во износ од 179 илјади денари;
- не се евидентирани пресметани а не исплатени плати на вработените за месец декември 2006 година;
- изворите на капитални средства не се усогласени со сегашната вредност на постојаните средства за износ од 88 илјади денари и
- несоодветно се евидентирани расходи по расходни ставки во Билансот на приходи и расходи.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорното лице во сметководствената служба проценувањето на билансните позиции да го спроведува согласно законските прописи за буџетски корисници, да направи анализа на спроведените книжења кои што ги нарушуваат сметководствените начела за буџетски корисници, со цел реално и објективно прикажување на позициите во Билансот на состојбата и Билансот на приходи и расходи.

## 11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата

11.4.1. Заводот не извршил попис согласно Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и не ја усогласил состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот, поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на овие позиции во Билансот на состојбата на 31 декември.

11.4.2. Заводот не постапил согласно Законот и Правилнилот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и не ја пресметал амортизацијата на долгорочните средства на начин и со стапки за отпис утврдени по амортизациони групи пропишани со Правилникот. Незаконското пресметување на амортизацијата по просечна стапка од 8% на вкупните средства има влијание на реалното и објективно прикажување на средствата и изворите на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2006 година.

11.4.3. Заводот за реализација на проектот Мониторинг на Охридското езеро добил донација во опрема од швајцарската влада, врз основа на договор од 21.02.1997 година потпишан помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање како застапник и швајцарската фирма Ернст Баслер и Партнери, овластена за реализација на проектот. Со договорот е утврдено дека корисник на опремата (брод и друга аналитичка опрема) е реализаторот на проектот, односно Заводот, на кого е и предадена опремата во 2000 година. Вредноста на донираната опрема е утврдена од страна на Комисија формирана во Заводот и изнесува 41.720 илјади денари и истата е сметководствено евидентирана. Со детални аналитички постапки ревизијата костатира дека Министерството за животна средина и просторно планирање го регистрирало бродот со Решение бр. 22-5/2 на 31.01.2001 година со што станало сопственик на бродот, спротивно на клаузулите од Договорот со швајцарската влада и спротивно на целите за реализација на проектот. Узурпацијата на сопственост може да има за ефект двојно евидентирање на материјалните средства.

11.4.4. За потребите на Заводот, преку Министерството за животна средина и просторно планирање, донирана е опрема од ФАРЕ и ГЕФ во вредност од 11.786 илјади денари, која се води во сметководствената евиденција на Заводот и покрај тоа што министерството не го пренело правото на користење на средствата, согласно одредбите од Законот за располагање на ствари во државна сопственост, што има за последица дел од опремата да не може да се стави во функција. Поради нерегулираниот сопственички статус дел од донираната опрема е подложна на пропаѓање и уништување како што е случајот со возилото Форд Галакси од 2000 година, кое се уште не е регистрирано и е надвор од употреба.

11.4.5. Заводот, со поседовен лист се јавува како корисник на дворно место со површина од 39 ари и 65 м2, евидентирано во Државниот завод за геодетски работи но истото не е сметководствено евидентирано, поради што материјалните добра во Билансот на состојбата не се реално и објективно прикажани.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорното лице во сметководствената служба да ги почитува одредбите од Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските

корисници во извршувањето на пописот и пресметувањето на амортизацијата.

2. Министерството за животна средина и просторно планирање да го преиспита решението за сопственост на опремата добиена како донација од Швајцарската влада, ФАРЕ и ГЕФ и да ги превземе сите потребни активности за утврдување на правото на користење на средствата а со тоа и обврската за сметководствено евидентирање на истите со што ќе се елиминира можноста за двојно евидентирање.
3. ЈНУ Хидробиолошки завод да поднесе барање за внесување на недвижностите со кои располага во евиденцијата на Државниот завод за геодетски работи, а недвижностите за кои има поседовен лист да ги евидентира во сметководствената евиденција.

11.5. **Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

11.5.1. Заводот до крај не ги испочитувал одредбите од Законот за јавни набавки во следните случаи:

- не е донесен План за јавни набавки за 2006 година;
- органот надлежен да одлучува за распоредување и користење на средствата на набавувачот не носи одлука за потребата од јавна набавка;
- кај набавките од мала вредност, комисијата за јавни набавки не изготвува писмена покана за доставување понуда;
- при избор на најповолна понуда во повеќе постапки Комисијата не изготвила ранг листи, односно во целост не се применува Методологијата за изразување на критериумите во бодови;
- при избор на најповолна понуда комисијата не изготвува одлука за избор согласно член 11 од Правилникот за набавки од мала вредност;
- за спроведените набавки нема евиденција во сметководството предвидена со член 6 од Правилникот за набавки од мала вредност;
- со несоодветна постапка набавувана е опрема врз основа на повеќе договори со еден добавувач во вкупна вредност од 787 илади денари.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветни постапки предизвикува ненеменско и незаконско користење на средствата, нелојална конкуренција и не обезбедена транспарентност и јавност на постапката.

**Препораки и мерки:**

1. Планот за јавни набавки да се носи до крајот на јануари од тековната година, а во рок од 5 дена од неговото донесување да се доставува до Бирото за јавни набавки;
2. Органот надлежен да одлучува за распоредување и користење на средствата на набавувачот да носи одлука за потребата од јавна набавка согласно со член 12 од Законот за јавни набавки.
3. Комисијата за јавни набавки да изготвува писмена покана за доставување понуда, согласно со член 7 од Правилникот за набавки од мала вредност.
4. При избор на најповолна понуда во повеќе постапки комисијата задолжиелно да изготвува ранг листи, односно во целост да се применува Методологијата за изразување на критериумите во бодови.
5. При избор на најповолна понуда комисијата да изготвува одлука за избор согласно член 11 од Павилникот за набавки од мала вредност.

6. За спрведените набавки сметководството да води евиденција предвидена со член 6 од Правилникот за набавки од мала вредност.

12. Според наше мислење, а поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.3.и 11.4., ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид – средства од Буџетот на РМ на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.5., кај ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид – средства од Буџетот на РМ, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Ревизијата има обврска да обелодени дека на ставката материјални добра и природни богатства евидентиран е расход во висина од 942 илјади денари врз основа на извршно судско решение за присилна наплата на утврден надомест за одземено право на користење на национaлоизирано неизградено градежно земјиште кп. бр. 6711/2 со површина од 584 м2, од страна на физичко лице. Земјиштето во 1988 година, со Решение на Секретаријатот за комунални работи, урбанизам и имотно правни односи на Собрание на Општина Охрид, е доделено на општината Охрид а за потребите на Заводот. Со истото решение регулирано е дека надоместокот за одземеното земјиште ќе се одреди со посебна постапка по правосилноста на ова решение, за што ревизијата не доби доказ дека тој е утврден и исплатен. Во 2003 година во постапка пред суд поведена од поранешниот сопственик, истото земјиште со судско решение е проценето по вредност од 1550 денари м2 и средствата се исплатени на товар на Заводот како краен корисник на експроприраната недвижност, согласно одредбите на Законот за експропријација. Ревизијата констатира дека со увид во Решението на Основниот суд во Охрид од 2004 година судот укажал дека поранешниот сопственик на 11.03.2004 година до Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи поднел барање за денационализација што укажува на можноста за двојна наплата за ист имот.

15. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Заводот во текот на ревизијата**

    15.1.1. Во периодот на вршење на ревизијата, на предлог на ревизијата Заводот изврши корекција во Билансот на состојбата и Билансот на приходи и расходи во налог број 02 од 21.06.2007 година, поради несоодветно сметководствено евидентирани договорни услуги за 11 илјади денари, материјалните средства во подготовка за износ од 1.143 илјади денари и другите материјални средства за износ од 91 илјада денари.

**Скопје, 23.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 14.441 | 14.109 |
| **Вкупно приходи** | **14.441** | **14.109** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 9.766 | 9.633 |
| Резерви и недефинирани расходи | 11 | 0 |
| Стоки и услуги | 4.564 | 4.256 |
| **Вкупно тековни расходи** | **14.341** | **13.959** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 100 | 150 |
| **Вкупно капитални расходи** | **100** | **150** |
| **Вкупно расходи** | **14.441** | **14.109** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Финансиски и пресметковни односи | 88 | 88 |
| Аванси за капитални средства | 91 | 91 |
| **Вкупно тековни средства** | **179** | **179** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 943 | 1 |
| Материјални средства | 45.622 | 51.660 |
| **Вкупно постојани средства** | **46.565** | **51.661** |
| **Вкупна актива** | **46.744** | **51.840** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 46.744 | 51.840 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **46.744** | **51.840** |
| **Вкупна пасива** | **46.744** | **51.840** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **51.840** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.797** |
| Набавки | 1.797 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **6.893** |
| Отпис на капитални средства | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | 6.893 |
| **Состојба 31.12.2006година** | **46.744** |